**Информација**

**во врска со правилата за барање виза за странци што имаат намера да извршуваат професија доктор, доктор стоматолог, медицинска сестра, акушерка или медицински болничар на територијата на Република Полска**

Од 30.12.2020 г. стапуваат на сила прописи што овозможуваат – врз основа на нови дополнителни правила – отпочнување работа во Полска од страна на:

1. доктори,
2. доктори стоматолози,
3. медицински сестри,
4. акушерки
5. медицински болничари,

кои добиле квалификации за извршување на своите професии во земји што не се членки на ЕУ. **Постапката за издавање дозвола за работа во Полска во гореспоменатите професии ќе биде поедноставена, а процедурата значително ќе се скрати**.

**Доктор или доктор стоматолог, кој стекнал професионални квалификации надвор од територијата на ЕУ и ги исполнува следниве услови:**

1. поседува диплома за доктор или доктор стоматолог, која го потврдува завршувањето на најмалку петгодишни студии,

2. да биде потполно работоспособен (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на доктор/доктор стоматолог),

3. да биде во добра здравствена состојба (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде соодветна потврда од доктор овластен за спроведување лекарски прегледи на работници),

4. да искажува беспрекорно етичко однесување (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на доктор/доктор стоматолог),

**ќе може да бара согласност од министерот за здравство за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог во Полска, како и за признавање од страна на Окружниот лекарски совет на условното право за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог поради прогласувањето состојба на епидемија. Добивањето согласност од министерот за здравство ќе биде основа за постапката за издавање виза, со цел извршување работа на територијата на Република Полска.** Доктор или доктор стоматолог, кој стекнал условно право за извршување на професијата во Полска, нема да може да извршува друга професија освен во лекарски субјект определен за давање здравствени услуги на пациенти болни од COVID-19 – освен ако за тоа добие дополнителна согласност од министерот за здравство. Докторот ќе биде обврзан да работи под надзор на одговорен доктор, кој поседува специјализација од II циклус

студии или звање специјалист. **Условното право за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог има важност во времетраење од 5 години од датумот на издавањето и истекува во случаите предвидени во законот. Нема да може да се продолжи правото за нареден период, ниту да се издаде нова дозвола за извршување на професијата со истите услови по истекувањето на 5 години од датумот на издавањето. По истекувањето на периодот, докторот или докторот стоматолог ќе може да ја извршува професијата во Полска по исполнувањето на барањата определени во други прописи, т.е., меѓу другото, само по нострификација на дипломата или положувањето на Лекарски испит за верификација, организиран од страна на Центарот за медицински испити во Лоѓ, по исполнувањето или признавањето на подипломски стаж, по положувањето Стручен лекарски испит.**

**Доктор или доктор стоматолог, кој стекнал професионални квалификации надвор од територијата на ЕУ и ги исполнува следниве услови:**

1. поседува диплома за доктор или доктор стоматолог, која го потврдува завршувањето на најмалку петгодишни студии,

2. поседува диплома, која потврдува дека стекнал звање специјалист,

3. да биде потполно работоспособен (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на доктор/доктор стоматолог),

4. да биде во добра здравствена состојба (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде соодветна потврда од лекар овластен за спроведување лекарски прегледи на работници),

5. да искажува беспрекорно етичко однесување (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на доктор/доктор стоматолог),

**ќе може да бара согласност од страна на министерот за здравство за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог во Полска, како и за доделување од страна на Окружниот лекарски совет на условното право за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог поради прогласувањето состојба на епидемија. Добивањето согласност од министерот за здравство ќе биде основа за постапката за издавање виза, со цел извршување работа на територијата на Република Полска.**

Доктор или доктор стоматолог, кој стекнал условно право за извршување на професијата во Полска првите три месеци ќе ја извршува професијата под надзор, нема да може да извршува друга професија освен во лекарски субјект определен за давање здравствени услуги на пациенти болни од COVID-19 – освен ако за тоа добие дополнителна согласност од министерот за здравство. **Условното право за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог има важност во времетраење од 5 години од датумот на издавањето и истекува во случаите предвидени во законот. Нема да може да се продолжи правото за нареден период, ниту да се издаде нова дозвола за извршување на професијата со истите услови по истекувањето на 5 години од датумот на издавањето. По истекувањето на периодот, докторот или докторот стоматолог ќе може да ја извршува професијата во Полска по исполнувањето на барањата определени во други прописи, т.е., меѓу другото, само по нострификација на дипломата или положувањето на Лекарски испит за верификација, организиран од страна на Центарот за медицински испити во Лоѓ, по исполнувањето или признавањето на подипломски стаж, по положувањето Стручен лекарски испит.**

**Во случај кога доктор или доктор стоматолог, кој стекнал професионални квалификации надвор од територијата на ЕУ, ги исполнува дополнително следниве услови:**

1. поднел изјава дека се служи со полскиот јазик во степен доволен за извршување на доменот на професионалната работа што му била доверена (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на доктор/доктор стоматолог),

2. добил потврда од лекарски субјект во Полска, која содржи регистар на организациски одделенија на здравствената установа и периодот за планираното вработување, со посочување на областа на професионалните активности во согласност со поседувањето на звањето специјалист во определена медицинска област,

3. има најмалку тригодишно професионално искуство како доктор специјалист или доктор стоматолог специјалист во дадена област, стекнато во периодот од 5 години непосредно пред добивањето на потврдата од лекарскиот субјект во Полска,

4. поседува диплома што го потврдува стекнувањето на звањето специјалист, издадена во држава што не припаѓа на ЕУ,

5. завршил обука за специјализација, која соодветствува на програмата за обуката за специјализација во Полска (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде програмата за обуката за специјализација),

**ќе може да бара согласност од страна на министерот за здравство за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог во Полска, како и за доделување право од страна на Окружниот лекарски совет за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог за определена област на професионалната работа, периодот и местото на вработувањето во лекарскиот субјект. Докторот ќе биде обврзан да работи во период од 1 година под надзор на одговорен доктор, кој поседува специјализација од II циклус студии или звање специјалист. Добивањето согласност од министерот за здравство ќе биде основа за барањето за издавање виза, со цел извршување работа на територијата на Република Полска. Правото за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог издадено на овој начин, ја задржува важноста во период не подолг од 5 години од датумот на издавањето и прекинува во случаи определени во законот. Нема да може да се продолжи правото за нареден период, ниту да се издаде нова дозвола за извршување на професијата со истите услови по истекувањето на 5 години од датумот на издавањето. По истекувањето на периодот, докторот или докторот стоматолог ќе може да ја извршува професијата во Полска само по нострификација на дипломата или по положувањето Лекарски испит за верификација, организиран од страна на Центарот за медицински испити во Лоѓ, по исполнувањето или признавањето на подипломски стаж, по положувањето Стручен лекарски испит.**

Поднесувајќи на овој начин барање за стекнување дозвола за извршување на професијата доктор или доктор стоматолог, дипломата за доктор или доктор стоматолог, како и дипломата што го потврдува звањето специјалист или нивните дупликати, треба да бидат соодветно заверени, а потоа легализирани од страна на конзулот, или заверени со апостил од страна на надлежниот државен орган, каде што документите биле издадени. За процедурата што ќе мора да биде применета одлучува тоа која земја го издала дадениот документ. Во случај кога заверувањето или легализирањето на документите или добивањето апостил е премногу отежнато или невозможно, министерот за здравство ќе може да го ослободи од таа обврска лицето што поднесува барање.

**Медицинска сестра или акушерка, која стекнала професионални квалификации надвор од територијата на ЕУ и ги исполнува следниве услови:**

1. поседува диплома за медицинска сестра или акушерка,

2. да биде потполно работоспособна (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на медицинска сестра/акушерка),

3. да биде во добра здравствена состојба (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде соодветна потврда од доктор овластен за спроведување лекарски прегледи на работници),

4. да искажува беспрекорно етичко однесување (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на медицинска сестра/акушерка),

**ќе може да бара согласност од министерот за здравство за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка во Полска, како и за доделување од страна на Окружниот совет на медицински сестри и акушерки условно право за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка поради прогласувањето состојба на епидемија или состојба на опасност од епидемија. Добивањето согласност од министерот за здравство ќе биде основа за постапката за издавање виза, со цел извршување работа на територијата на Република Полска.**

Медицинската сестра или акушерката, која стекнала условно право за извршување на професијата во Полска нема да може да извршува друга професија освен во лекарски субјект определен за давање здравствени услуги на пациенти болни од COVID-19 – освен ако за тоа добие дополнителна согласност од министерот за здравство. Медицинската сестра или акушерката ќе биде обврзана да работи под надзор од друга медицинска сестра или акушерка.

Во случај кога медицинската сестра или акушерката што поседува условно право за извршување на професијата се легитимира со најмалку тригодишно професионално искуство како медицинска сестра или акушерка, стекнато во периодот од непосредно 5 години пред денот на поднесувањето на барањето за согласност за работа во оваа програма, првите 3 месеци од вработувањето во професијата на територијата на Република Полска ќе ја извршува професијата под надзор на друга медицинска сестра или акушерка.

**Условното право за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка има важност во времетраење од 5 години од датумот на издавањето и истекува во случаите предвидени во законот. Нема да може да се продолжи правото за нареден период, ниту да се издаде нова дозвола за извршување на професијата со истите услови по истекувањето на 5 години од датумот на издавањето. По истекувањето на периодот, медицинската сестра/акушерка ќе може да ја извршува професијата во Полска само по нострификација на дипломата или по завршувањето високи студии од I циклус (лиценцијат) на насоката медицинска нега или акушерство.**

**Во случај кога медицинската сестра или акушерката, која стекнала професионални квалификации надвор од територијата на ЕУ, а ги исполнува дополнително следниве услови:**

1. поднела изјава дека се служи со полскиот јазик во степен доволен за извршување на доменот на професионалната работа што ѝ била доверена

2. добила потврда од лекарски субјект во Полска, која содржи регистар на организациски одделенија на здравствената установа и периодот за планираното вработување, со посочување на областа на професионалните активности во согласност со стекнатото образование,

3. има најмалку тригодишно професионално искуство како медицинска сестра или акушерка, стекнато во периодот од 5 години непосредно пред добивањето на потврдата од лекарскиот субјект во Полска,

**ќе може да бара согласност од страна на министерот за здравство за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка во Полска, како и за доделување од страна на Окружниот совет на медицински сестри и акушерки право за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка за определена област на професионалната работа, периодот и местото на вработувањето во лекарскиот субјект. Добивањето согласност од министерот за здравство ќе биде основа за постапката за издавање виза, со цел извршување работа на територијата на Република Полска.**

Медицинската сестра или акушерката ќе биде обврзана во период од 1 година да работи под надзор на друга медицинска сестра или акушерка, назначена од раководителот на лекарскиот субјект каде што е вработена.

Медицинската сестра или акушерката што поседува право за извршување на професијата, издадено во оваа програма, не може да ја извршува професијата на територијата на Република Полска надвор од субјектот што извршува медицинска дејност, којшто ѝ ја издал потврдата, со исклучок на случаи определени во законот. **Правото за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка издадено по оваа програма, има важност во времетраење не подолго од 5 години од датумот на издавањето и истекува во случаите предвидени во законот. Нема да може да се продолжи правото за нареден период, ниту да се издаде нова дозвола за извршување на професијата со истите услови по истекувањето на 5 години од датумот на издавањето. По истекувањето на периодот, медицинската сестра/акушерка ќе може да ја извршува професијата во Полска само по нострификација на дипломата или по завршувањето високи студии од I циклус (лиценцијат) на насоката медицинска нега или акушерство.**

Поднесувајќи на овој начин барање за стекнување дозвола за извршување на професијата медицинска сестра или акушерка, дипломата за медицинска сестра или акушерка или нејзиниот дупликат треба да биде заверена, а потоа легализирана од страна на конзулот, или заверена со апостил од страна на надлежниот државен орган, каде што документот бил издаден. Во случај кога заверувањето или легализирањето на документите или добивањето апостил е премногу отежнато или невозможно, министерот за здравство ќе може да го ослободи од таа обврска лицето што поднесува барање.

**Медицински болничар, кој стекнал професионални квалификации надвор од територијата на ЕУ и ги исполнува следниве услови:**

1. да биде потполно работоспособен (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде своерачно потпишана изјава од страна на медицински болничар),

2. да биде во добра здравствена состојба (документ за потврда за исполнувањето на условот ќе биде соодветна потврда од доктор овластен за спроведување лекарски прегледи на работници),

3. да поседува диплома, која потврдува дека стекнал звање медицински болничар или документи што потврдуваат најмалку тригодишно професионално искуство во извршувањето на должностите на медицински болничар, стекнати во периодот на последните пет години пред доделувањето на согласноста,

**ќе може да бара согласност од страна на министерот за здравство за извршување на професијата медицински болничар во Полска. Добивањето согласност од министерот за здравство ќе биде основа за постапката за издавање виза, со цел извршување работа на територијата на Република Полска.**

Во периодот на прогласувањето кризна епидемиолошка состојба или состојба на епидемија, министерот за здравство може да изрази согласност за извршување на професијата медицински болничар на лице што поседува најмалку едногодишно професионално искуство.

**Правото за извршување на професијата медицински болничар издадено на овој начин, ја задржува важноста во период не подолг од 5 години од датумот на издавањето и прекинува во случаи определени во законот. Нема да може да се продолжи правото за нареден период, ниту да се издаде нова дозвола за извршување на професијата со истите услови по истекувањето на 5 години од датумот на издавањето. По истекувањето на периодот, болничарот ќе може да ја извршува професијата во Полска во согласност со прописите на законот за Државната итна медицинска помош.**

Гореспоменатите документи може да се испратат на адресата на Министерството за здравство (Departament Rozwoju Kadr Medycznych, Ministerstwo Zdrowia, ul. Miodowa 15, 00-952 Warszawa) или да ги поднесат директно во седиштето на Министерство за здравство во Архивата или кај конзулот, кај кого ќе биде поднесено барањето за издавање виза.

Треба да се обрне внимание документите да бидат комплетни, што ќе го забрза добивањето на решението. Списокот со бараните документи може да се најде на страните на Министерството за здравство.

Во случај на нужност од заверување и легализирање на документ од страна на конзулот или заверување со апостил од страна на надлежен државен орган, за процедурата што ќе мора да биде применета одлучува тоа која земја го издала дадениот документ.

Во случај кога дипломата е издадена во држава што не е потписничка на Хашката конвенција, која ги укинува барањата за легализација на странските службени документи (списокот на тие земји ќе го најдеш ТУКА), мора да се обратиш за издавање апостил за неа во надлежна државна институција, во која документот бил издаден (списокот на тие институции ќе го најдеш ТУКА). Во случај дипломата да била издадена во држава што не е потписничка на истата Конвенција, мора да се обратиш за нејзино заверување во надлежната државна институција, во која документот бил издаден (најчесто тоа е Министерството за надворешни работи), а потоа за негова легализација во полскиот конзулат.

Ако ги имаш бараните квалификации и ги исполнуваш погоре дефинираните услови и би сакал да извршуваш во Полска професија на доктор или доктор стоматолог или да работиш во професијата медицинска сестра или акушерка или во професијата медицински болничар, но не поседуваш виза што ти дава право за влез во Полска, не заборавај на следниов пат за постапување:

1. Имаш две можности за поднесување барање за издавање виза:

- непосредно во надлежниот полски конзулат во државата каде што живееш или,
- во еден од Пунктовите за примање барања за виза (ППБВ) – доколку таквите функционираат во државата каде што живееш. Информација за тоа ќе најдеш на страната на надлежниот конзулат избирајќи ја опцијата „Конзуларни информации“ → „Визи“ → „Виза од типот D – поднесување барање“.

Во зависност од избраниот начин, барањето можеш да го поднесеш лично во конзулатот или во еден од ППВБ.

Доколку си државјанин на **Украина, Белорусија, Русија, Молдавија, Грузија и Ерменија** и имаш намера да поднесеш барање за виза во земјата на која си државјанин, барањето ќе можеш да го испратиш по пошта. За поднесување барање во таа форма, државјаните на други земји мора да добијат согласност од полскиот конзул, надлежен за земјата на живеење.

Конзулатот и ППБВ не примаат барања испратени по факс или по електронска пошта.

2. За термин во врска со поднесување барање за виза во конзулатот, закажи во системот e-konsulat. За да поднесеш барање во ППВБ, закажи средба со посредство на кол-центарот или на интернет-страната – информација за тоа ќе најдеш на страната на надлежниот конзулат, избирајќи ја опцијата „Конзуларни информации“ → „Визи“ → „Виза од типот D – поднесување барање“.

3. За термин во врска со поднесувањето на барањето за виза, понеси ги и документите наведени на почетокот од оваа информација (во зависност од професијата за чие извршување поднесуваш барање), кои конзулот ќе ги предаде во Министерството за здравство, со цел разгледување на твоето барање за издавање согласност за извршување во Полска на професијата доктор (доктор стоматолог) или професијата медицинска сестра или акушерка, или професијата медицински болничар.

4. Со цел добивање виза, ќе можеш да ги поднесеш следниве документи:

а) формулар за виза, пополнет во системот e-konsulat, отпечатен и потпишан;

б) фотографија во боја со димензии 3,5x4,5 см. Фотографијата треба да биде:

i. јасна, направена на бела заднина и отпечатена на хартија со висок квалитет,

ii. не постара од 6 месеци;

iii. направена анфас, јасно да ги прикажува очите и лицето од двете страни на врвот на главата до горниот дел на рамената, така што лицето да зафаќа 70-80% од фотографијата; за фотографијата не треба да се носи капа;

в) пасош издаден во текот на последните 10 години, со важност од најмалку 3 месеци од датумот на планираното враќање, кој има минимум 2 слободни страници одредени за визи,

г) копија од страната во пасошот на која се наоѓаат личните податоци и фотографијата,

д) документ што го потврдува поседувањето патничко здравствено осигурување валиден на територијата на ЕУ, на квота не помала од 30 илјади ЕУР или копија од документ со кој се потврдува дека лицето подлежи на здравственото осигурување во Полска,

ѓ) копија од документ за идентификација, кој го потврдува легалното живеење на теренот на конзуларниот округ на полскиот конзулат во кој го поднесуваш барањето за виза,

е) потврда за поседување финансиски средства за издршка, во форма определена од страна на полскиот конзулат, која потврдува дека имаш доволно финансиски средства што овозможуваат престој во Полска до времето на отпочнувањето на работата (на пр., извод од банкарска сметка, потврда за располагање со обновлив лимит на кредитна картичка, други).

Дополнителни информации што се однесуваат на општите визни процедури, можеш да добиеш контактирајќи со полските конзулати. Списокот на полски институции во странство ќе го најдеш ТУКА. Со конзуларните одделенија можеш да контактираш телефонски или преку имејл.

5. Висината на наплатата за прием и разгледување на барањето за виза е објавена на страната на надлежниот конзулат – одбери ја опцијата „Конзуларни информации“ → „Визи“ → „Виза од типот D – поднесување барање“ → „колку ќе платиш?“

Таксата не се враќа, независно од крајното решение во врска со барањето.

6. Доколку до конзулот поднесеш барање за легализирање на документ (на пр. диплома), тоа ќе подлежи на дополнителна наплата. Информации за тоа ќе најдеш на страната на надлежниот конзулат – одбери ја опцијата „Конзуларни информации“ → „Општи информации“ → „Конзуларни такси“.

7. Одлуката за издавање виза главно е во период од 4 работни дена, сметајќи од денот на извршувањето на уплатата. Во одредени случаи, процедурата сепак може да трае малку подолго.

8. За предвидениот термин за подигнување на решението, ќе бидеш информиран во моментот на поднесувањето на барањето.

9. Доколку не се согласуваш со решението на конзулот, имаш право да поднесеш жалба за повторно разгледување на барањето. Можеш да ја поднесеш директно во надлежниот конзулат или во еден од Пунктовите за прием на барања за виза (ППБВ) – доколку такви функционираат во државата каде што живееш, или да ја испратиш по пошта на адресата на конзулатот што го издал решението за виза, во период од 14 дена од добивањето на решението. Висината на таксата е објавена на страната на надлежниот конзулат – одбери ја опцијата „Конзуларни информации“→ „Визи“→ „Виза од типот D – поднесување барање“→ „Како можеш да поднесеш жалба?“.